Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 20-556/3
10.03. 2023 год.
СКОПЈЕ

ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
# 2023-2027

Содржина

1. Вовед ........ 1
1.1 Социо-економски карактеристики на општината ........ 3
1.2. Законска регулатива ........ 5
1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план ........ 6
2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби ........ 7
3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ........ 29
3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ........ 29
**3.1.1. Услуги на информирање и упатување** ........ 29
**3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка** ........ 29
**3.1.3. Услуги на советување** ........ 29
**3.1.4. Услуги во домот** ........ 29
**3.1.4.1 Лична асистенција** ........ 29
3.2. НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ........ 31
**3.2.1 Услуги на советување** ........ 32
**3.2.2. Услуги во домот** ........ 33
**3.2.3. Услуги во заедницата** ........ 33
3.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ ........ 33
3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување ........ 34
4. Потребни капацитети и финансиска поддршка ........ 37
5. Лиценцирање на даватели на услуги ........ 39

1. **Вовед**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните со цел:

- Промовирање и одржување на социјалната сигурност кај граѓаните
- Спречување на социјалната исклученост
- Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- Зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот

Социјални ризици кои Општина Ѓорче Петров ги спроведува во програмата на социјална, здравствена и детска заштита се следниве:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- ризици на старост и староеење;
- ризици на еднородителско семејство;
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично;
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица, Ромите, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид којшто може да има последици врз нивната благосостојба.

Со овој план се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања. Основа за изготвување на социјалниот план од страна на Советот за социјална заштита е регулирано со член 141 од Законот за

социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот, којшто ја пропишува обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и локалната самоуправа. Документот дава преглед на досегашните достигнувања и ресурси и поставува цели и приоритети во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во периодот од 2023 до 2027 година. Тој е во согласност со целите на социјалната политика поставени на европско и национално ниво.

Со реализацијата на овој социјален план Општина Ѓорче Петров ја прилагодува својата работа за секој граѓанин и се труди да му обезбеди квалитетен живот со почитување на принципите на правда, еднаквост и почитување на човековите права, а гарантира дека социјалните услуги се навремени, насочени и достапни за сите. Документот ќе придонесе кон систематско подобрување на социјалните услуги обезбедени со минимални административни барања и ефективна меѓусекторска соработка и нивно континуирано прилагодување кон индивидуалните потреби на граѓаните и стандардите за квалитет на социјалните услуги.

Локалната самоуправа има надлежност и во делот на здравствено воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, надзор над заразни болести и други области утврдени со закон. Исто така во планирањето на социјалната заштита на локално ниво може да се остварува и меѓуопштинска соработка, да се основаат заеднички јавни установи од областа на социјална и детска заштита.

Градоначалникот и Советот на Општина Ѓорче Петров се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, преку заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ромските деца, семејствата настрадани од елементарни непогоди како и да се зголемат капацитетите за згрижување на деца до предучилишна возраст во детските градинки во Ѓорче Петров.

Веруваме дека Планот во наредниот период ќе биде соодветна рамка за дејствување од областа на социјалната заштита на нашата општина со цел подобрување на системот, во корист на сегашните и потенцијалните корисници во системот, создавање предуслови за долгорочен, фер и избалансиран развој на сите области и на целото население на Општина Ѓорче Петров.

## 1.1 Социо-економски карактеристики на општината

Општина Ѓорче Петров е создадена на 14 септември 1996 година со Закон за Градот Скопје со кој се утврдуваат подрачјата во состав на Скопје. Општината е настаната со отцепување од Општина Карпош.

Општина Ѓорче Петров се наоѓа на северозападната страна од главниот град на Македонија – Скопје и од левата страна на течението на реката Вардар. Општина Ѓорче Петров е погранична општина, земајќи во предвид дека нејзината северна граница се простира по должината на границата на државата.

Нашата општина е градска општина во состав на Град Скопје, која во својот склоп има урбан и приградски, рурален дел по сливот на река Лепенец. Населението во нашата општина изнесува 44.844 жители и општината зафаќа површина од 66,93км$^2$ (вклучувајќи ги и приградските зони), а се граничи со општините: Карпош, Чучер-Сандево и Сарај. Покрај урбаниот дел, општината има и приградски, рурален дел во кој има седум населени места: Волково (заедно со населбите Пржина и Стопански Двор), Грачани, Кисела Јабука, Кучково, Никиштане, Ново Село и Орман.

Во поглед на локалниот економски потенцијал и расположивите стопански капацитети, Општина Ѓорче Петров е една од општините во развој. Имено, поволната сообраќајна местоположба, квалитетот и структурата на економските капацитети, реалниот потенцијал за индустриски прогрес, високостручната и квалификувана работна сила се компоненти кои упатуваат на развојните стратегии на општината. Значаен сегмент во економското живеење на Општина Ѓорче Петров се градежната индустрија, хемиската индустрија, текстилната индустрија, прехранбената индустрија, металопреработувачката индустрија, занаетчиството, услужната и трговската дејност.

Следен чекор во насока на стратешките, развојни визии на Општина Ѓорче Петров е изградба на Коридорот 8, преку кој ќе се овозможи реализација и развој на Западната индустриска зона, како најзначајна индустриска и економска алка која на долгорочен план ќе овозможи отворање нови трговски, производни и услужни капацитети (мотели, хотели, бензиски пумпи, авто салони, центри за технички преглед на возила), што претставува чекор напред во настојувањата на општината за прогресивен премин од индустрија во развој во високоразвиена индустриска зона.

**Поделбата на населението според возраст во Општина Ѓорче Петров е како што следува:**

| | 2021 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-14 | 15-29 | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-80+ | Вкупно |
| **вкупно** | 6 700 | 7 177 | 9 788 | 9 207 | 8 739 | 3 233 | 44 844 |
| **мажи** | 3 506 | 3 685 | 4 838 | 4 857 | 4 053 | 1 439 | 22 005 |
| **жени** | 3 194 | 3 492 | 4 950 | 4 350 | 4 686 | 1 794 | 22 839 |

Општината бележи и негативен природен прираст:

| | |
|---|---|
| Родени | 414 |
| Умрени | 722 |
| Природен прираст | -308 |
| склучени бракови | 243 |

Според последниот попис во 2021 година според изјаснување по национална припадност во Општина Ѓорче Петров состојбата е:

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други неспомнати | Не се изјасниле | Непознато | Лица за кои податоците се преземени од административни извори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 80,21% | 3,94% | 0,61% | 2,38% | 0,35% | 2,82% | 1,02% | 1,18% | 0,06% | 0,04% | 7,38% |

## 1.2. Законска регулатива

Социјалниот план на Општина Ѓорче Петров произлегува почитувајќи ги:

- Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23)
- Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104/2019),

- Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22)
- Законот за семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21)
- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 138/14, 33/15 и 150/15)
- Законот за финансирање на Единиците на Локалната Самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22)
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година),
- Национална програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 237/22 година),
- Националната политика за социјална заштита,
- Други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во РС Македонија;

### 1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

Во Општина Ѓорче Петров е воспоставен Совет за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров од 2021 година. Во рамките на овој совет има вкупно 14 членови и секој од нив има свој заменик. Во работата на ССЗ учествуваат и 4 претставници од општинска администрација, претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, претставник од Црвен Крст на Град Скопје, претставник од ЗЦОП – ДЕНДО ВАС – Скопје, претставник од РЦ за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА, претставник од ЈЗУ Специјална болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје, претставник од Асоцијација за истражување, комуникации и развој - ПАБЛИК, претставник од

ЈОУДГ РОСИЦА, претставник ООУ Јоаким Крчоски, претставник ЈЗУ Здравствен дом на Скопје - Скопје, претставник од Министерство за внатрешни работи и ПСОН Ѓорче Петров. Во прилог на овој социјален план е дадена и одлуката за формирање на овој совет.

Социјалниот план на Општина Ѓорче Петров го изготвува, разгледува и усвојува ССЗ врз чија основа градоначалникот изготвува годишна програма за социјална заштита која ја донесува Советот на општината согласно член 5 од Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр.08-2173/14 од 09.12.2021год. и член 3 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на ССЗ на Општина Ѓорче Петров. На овој начин ќе се обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се задоволат потребите на корисниците на оваа програма кои живеат во Општина Ѓорче Петров. Како контакт лице одговорно за изработка на социјален план на Општина Ѓорче Петров е Соња Палчевска Ќосева (s.palcevska@opstinagpetrov.gov.mk)

## 2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

За потребите на овој Социјален план беше направено мапирање и беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на Општина Ѓорче Петров, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив, од доменот на своето работење, придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребна акција.

Како клучен параметар по кој ќе се води документот е **бројот на корисници на различни видови на социјална помош**, според податоци од *ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје*, и тоа:
Гарантирана минимална помош – 167
Надоместок заради попреченост – 195
Надоместок за помош и нега од друго лице – 921
Надоместок на плата за скратено работно време -7
Додаток за домување -1

Траен надоместок – 3
Еднократна помош -4
Социјална сигурност на стари лица -27
Детски додаток – 66
Посебен додаток – 109
Еднократна помош за новороденче -319
Образовен додаток – 27
Родителски додаток за трето и четврто дете – 365

## РИЗИК ОД СИРОМАШТИЈА

Како генерална забелешка, која се идентификуваше за време на подготовката на планов, е недостатокот на соодветни документи или лични документи со изминат датум кај социјално загрозената категорија на граѓани, најчесто неписмени граѓани кои не знаат каде да се обратат и лутаат од една до друга институција и на крајот се откажуваат кога треба да остварат некое право.

Здружението Центар за образовна Поддршка *Дендо Вас* активно работи на територијата на Општина Ѓорче Петров и тоа на на полето на сиромаштија, образование, вработување и севкупно подобрување на животот на луѓето од социјално ранливите категории.

Според нивната досегашна работа на терен идентификувале дека најголем проблем е сиромаштијата пред сè, потоа образованието и вработувањето. Овие три фактори се тесно поврзани бидејќи взаемно се надополнуваат и влијаат на квалитетот на животот на луѓето. Доколку една личност нема образование, најчесто не може да се вработи и доколку таа личност не се вработи е на терет на државата и преживува со минимална социјална помош која секако не е доволна за повеќечлено семејство, па таа личност мора да наоѓа дополнителен начин на приход. Во тој случај, најчесто децата не одат во училиште и не добиваат никакво образование туку просат или собираат отпад, немаат основни услови за живот ( немаат соодветна облека и обувки, услови за одржување на хигиената и така натаму) што е уште една причина плус да не се посетува образовна установа и повторно тој циклус на необразованост и невработеност кој влијае на

степенот на сиромаштија се повторува од генерација на генерација. Тие сметаат дека за да се реши овој проблем е потребно вмрежување и заедничка соработка на повеќе државни институции како што се АВРМ, ЦСР, матичната служба и локалните воспитно-образовни установи, но клучна улога имаат општината и локалната заедница каде што ќе се делува.

Според разговорите кои ги водевме со различни чинители утврдивме дека треба да се зголеми ангажираноста на водителите на случај на ЦСР кои се задолжени за корисниците на услуги од системот за социјална заштита, но и повеќе да се работи на информирање и упатување и реинтеграција, во зависност од индивидуата.

## РИЗИК ОД НЕВРАБОТЕНОСТ

Од податоците со кои располага АВРСМ – Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Ѓорче Петров со состојба на 30. 09.2022 година, според возраст и пол, најмногу активни баратели има на возраст над 55 години, додека пасивните баратели најмногу се на возраст над 50 години. И во двата случаи има повеќе жени кои бараат работа.

ПРЕГЛЕД

невработени лица (активни баратели на работа),евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Ѓорче Петров, според возраст и пол, со состојба на 30.09.2022 година

| Општина | Вкупно | | Од 15-19 години | | Од 20-24 години | | Од 25-29 години | | Од 30-34 години | | Од 35-39 години | | Од 40-44 години | | Од 45-49 години | | Од 50-54 години | | Од 55-59 години | | 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Ѓорче Петров | 669 | 341 | 15 | 9 | 50 | 25 | 57 | 27 | 54 | 25 | 58 | 33 | 60 | 40 | 64 | 39 | 59 | 28 | 117 | 64 | 135 | 51 |

ПРЕГЛЕД

други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа),евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Ѓорче Петров, според возраст и пол, со состојба на 30.09.2022 година

| | Општина | Вкупно | | Од 15-19 години | | Од 20-24 години | | Од 25-29 години | | Од 30-34 години | | Од 35-39 години | | Од 40-44 години | | Од 45-49 години | | Од 50-54 години | | Од 55-59 години | | 60 год. и пов. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | Ѓорче Петров | 749 | 417 | 7 | 2 | 34 | 20 | 46 | 22 | 64 | 36 | 62 | 35 | 63 | 40 | 94 | 52 | 113 | 61 | 139 | 89 | 127 | 60 |

Во истиот период, според школска подготовка и пол, од активните баратели на работа најмногу биле со средно образование, но критичен е податокот од 203 лица без образование и со основно образование надополнето со 124 лица со непотполно средно образование, што сочинуваат половина од вкупниот број на активни баратели на работа.

ПРЕГЛЕД

невработени лица (активни баратели на работа), евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Ѓорче Петров, според школска подготовка и пол, со состојба на 30.09.2022 година

| | Општина | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | Ѓорче Петров | 669 | 341 | 203 | 121 | 124 | 46 | 240 | 117 | 3 | 1 | 93 | 51 | 6 | 5 | 0 | 0 |

Состојбата е слична и кај пасивните баратели на работа. И таму најмногу биле со средно образование, но има 163 лица без образование и со основно образование и 191 лице со непотполно средно образование, што е скоро половина од вкупниот број на пасивни баратели на работа.

П Р Е Г Л Е Д

други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа),евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Ѓорче Петров, според школска подготовка и пол, со состојба на 30.09.2022 година

| | Општина | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | Ѓорче Петров | 749 | 417 | 163 | 80 | 191 | 90 | 302 | 183 | 6 | 5 | 84 | 57 | 3 | 2 | 0 | 0 |

Од прегледите на невработени - инвалидни лица според вид на инвалидност утврдуваме дека работа бара 1 лице инвалид на труд, 1 лице со пречки во видот, 1 лице со пречки во слухот, 4 лица со телесна инвалидност, 12 лица со пречки во развојот, 1 лице со повеќе видови на инвалидност и 2 лица со некагоризирана инвалидност, вкупно 22 лица.

Од прегледите на други лица кои бараат работа - инвалидни лица според вид на инвалидност утврдуваме дека работа бара 1 лице со пречки во слухот, 2 лица со телесна инвалидност, 5 лица со пречки во развојот и 1 лице со некагоризирана инвалидност, вкупно 9 лица.

Според овие податоци неопходно е да се планира да се направат обуки за комплетирање на образование и стекнување на работни вештини, признавање на некои вештини кои ги поседуваат или верификување на претходно работно искуство за да може да станат вработливи лицата без образование, без основно образование и со непотполно средно образование со АВРМ. Потребна е и преквалификација и доквалификација за лицата со средно образование. Обуките треба да се во координација со процесите за активација на тешко вработливото население во социјален ризик, оперативните планови за намалување на невработеноста и потребата од кадар за развој на социјални услуги и дефицитарни занимања на АВРМ.

Потребно да се обрати посебно внимание на возраста на барателите на работа и да се активираат програми за доживотно учење за кои општината би презела дел од одговорноста и финансиите.

За општината е многу важно да направи мапирање на невработените лица, од бројки кон граѓани, за да може директно да им се помага во наоѓањето работа или според нивните преференци да се обликуваат локални програми за поддршка. Дополнителна одговорност на општината би била и поврзување на невработените лица со можни работодавачи, вклучително и даватели на социјални услуги, за да може да ги апсорбираат оние кои немаат доволно образование за друга работа.

За лицата со инвалидитет најдобро е да се развие регионална услуга во заедницата за нивна работна рехабилитација и реинтеграција.

## ЛИЦА БЕЗ ДОКУМЕНТАЦИЈА

Лицата без документи се видлив проблем во општеството, но невидлив за системот. Тие се маргинализирана категорија на граѓани кои немаат никаква достапност до социјалните, здравствените и правните услуги. Во земјава има над 700 лица кои се евидентирани во системот дека се лица без документи, но во пракса бројот е поголем. Лицата се родени претежно во домашни услови и не се навремено заверени во МВР и во УВМР. На ниво на Ѓорче Петров има 14 граѓани без документација.

Дел од училиштата се сретнуваат со **ученици кои немаат документација (извод од матична книга на родените)** и кои поради овој проблем не може да бидат запишани во училишната документација и немаат статус на редовен ученик. Најголем број на овие деца се припадници на ромската етничка заедница, потекнуваат од семејства со низок социјален, економски и образовен статус (родителите најчесто не се образовани).

Според препораките на стручните служби во училиштата, за надминување на овој проблем е неопходно да се вклучат сите НВО, здруженија на правници, Народен правобранител на правата на децата, претставници од МТСП, МВР и останати структури кои може да помогнат на родителите да ја започнат и успешно да ја реализираат постапката за запишување на детето во матична книга на родените.

За следниот период се планира координирана активност со *Паблик* и надлежните државни институции (Управа за матични книги) за мапирање и евидентирање на лицата без документи, потоа да се организира и да се даде поддршка во процесот на стекнување со документи и започнување на процес на

работна интеграција преку верификувана програма - Социјално менторство[1] за работна интеграција. Според резултатите од мапирањето ќе се изработи решение во кое општината ќе даде свој придонес кон искоренување на проблемот без државјанство.

## РИЗИК ОД ПОПРЕЧЕНОСТ КАЈ ДЕЦА И ВОЗРАСНИ

Општина Ѓорче Петров има историја на посветеност кон инклузивниот процес за ученици со попреченост. Ние сме прва општина на ниво на Град Скопје која во 2009 година вработи специјален едукатор и рехабилитатор во основните училишта за потребите на учениците со попречености. Во период од 2015 год. до 2018 год. вработени се уште четири специјални едукатори и рехабилитатори во редовните основни училишта во општината, но сепак поради зголемениот број на учениците со попречености во редовните основни училишта, индивидуалните потреби на истите ни од блиску не беа задоволени (индивидуален пристап и поддршка при усвојување на наставната материја, одење и враќање од училиште, мобилност во текот на наставниот процес итн.).

Со отпочнување на програмата Општинско корисна работа во 2017 година, која беше финансирана од Програмата за развој на Обединети Нации, а имплементирана од страна на Министерството за труд и социјална политики и Агенцијата за вработување на РСМ во соработка со општините, беа обезбедени 15 асистенти, од кои 12 образовни и 3 лични асистенти за 15 ученици со попреченост. Со ова се подобрија условите за реализирање на квалитетно инклузивно образование за 15 ученици со попреченост. На учениците со попречености им беа овозможени подобри услови за развивање на своите потенцијали и

---

[1] Социјалното менторство е промовирање лично и економско зајакнување, поттикнување на капацитети и можности за постигнување економска независност на жените кои преживеале насилство. Прилагоден пристап на социјално менторство кој ги води жените во идентификување на професионалните вештини и интереси, градење самодоверба и самореализација (како да се задржи работата и да напредува со развој на кариерата) и да се поттикнат капацитети за самовработување или да се прикажат економски можности за интеграција на работа на отворен и посреднички пазар на труд.

уживање на човековите права, од областа на пристап до квалитетно образование и поголема мобилност и контрола на сопствениот живот. Преку обезбедување на соодветно образование и потребна мобилност се зголеми нивната самостојност, самодоверба и кругот на социјално функционирање. Програмата продолжи да се реализира во текот на следните 3 години, по што од 2021 година образовните асистенти беа преземени од Министерството за образование и наука и на тој начин се обезбеди системско решение за обезбедување на поддршка на учениците со попреченост во основните училишта.

Во текот на 2022 година беше вработен уште еден специјален едукатор и рехабилитатор, со што сите основни училишта во општината добија специјален едукатор и рехабилитатор одговорен само за едно училиште. На овој начин стручните служби во сите училишта беа комплетирани со работен персонал со соодветен профил за потребите на учениците со попреченост. Дополнително во 2022 година во две основни училишта во општината (ООУ„Димитар Поп Георгиев – Беровски" и ООУ„Ѓорче Петров") беа отворени сензорни соби. Сензорната соба е од големо значење за учениците со попреченост, опремена е и делува на основните сетила за вид, слух, допир и мирис, пришто се креира атмосфера која ги мотивира учениците да учат, го намалува стресот, овозможува одвлекување на внимание, ги намалува тешкотиите, вознемиреноста, стереотипното однесување, агресивното однесување и самоповредувачкото однесување. Во насока на унапредување на процесот на инклузија наставниот кадар и стручните служби континуирано во рамки на професионалниот и кариерен развој посетуваат работилници, обуки, научни конференции и сл. преку кои ги надградуваат своите знаења и вештини за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Преглед на бројот на ученици со посебни образовни потреби во основните училишта во Општина Ѓорче Петров, според видот на состојбата во последните три години:

| Ученици со посебни образовни потреби во основните училишта во Општина Ѓорче Петров (2020-2022 година) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Година | Ученици со посебни образовни потреби | Ученици со попреченост | Ученици со нарушување во однесување или емоционални проблеми | Ученици со специфични тешкотии во учењето | Ученици со слаби постигнувања (без документација) |
| 2020 | Вкупно: 93 | 45<br>-Интелектуална попреченост 15<br>-Физичка попреченост 3<br>-Аутизам 16<br>-Комбинирани пречки 11 | 6 | 10 | 32 |
| 2021 | Вкупно: 91 | 46<br>-Оштетен вид 2<br>-Оштетен слух 4<br>-Интелектуална попреченост 13<br>-Физичка попреченост 3<br>-Аутизам 14<br>-Комбинирани пречки 10 | 3 | 16 | 26 |
| 2022 | Вкупно:168 | 48<br>-Оштетен вид 2<br>-Оштетен слух 2<br>-Интелектуална попреченост 11<br>-Физичка попреченост 3<br>-Аутизам 11<br>-Комбинирани пречки 8<br>-Говорни нарушувања 2 | 5 | 19 | 96 |

Заложба на општината е и во иднина да се вложува во поддршка на децата со попреченост и да се зголеми индивидуалната работа со стручни лица. Неопходно е е да се организираат и обуки за учениците за сензибилизирање на темата.

Предизвик во основните училишта на ниво на Општина Ѓорче Петров кој можеше да се забележи со воведување на инклузијата во училиштата е психолошки отпор и постоење предрасуди и стереотипи кај населението (вклучувајќи и најголем дел од родителите) кон лицата со посебни потреби. Неопходно е спроведување широка акција за **подигање на јавната свест за прифаќање на лицата со посебни потреби и обезбедување на нивните права**. Локалното население има предрасуди кон лицата со посебни потреби- кон нивните способности, вештини, интереси и способност за самостоен живот и придонес во општеството.

Исто така дел од родителите на децата со посебни образовни потреби не може да се соочат со состојбата на своите деца, ги негираат посебните потреби на детето и потребата од индивидуална работа и помош на детето. Голем број родители на деца со посебни образовни потреби не ги прифаќаат препораките од училиштето за детето да се однесе во надлежна установа МКФ – Меѓународна класификација на функционалности за проценка на потребите на детето или *Завод за ментално здравје* за дијагноза и третман на детето. Исто така дел од родителите не ги доставуваат до училиштето наодите и лекарските препораки каде што е наведена дијагнозата стравувајќи за тоа детето да не биде исмеано или отфрлено од врсниците. Сите овие предрасуди може да се надминат со **широка акција за промоција на инклузија и правата на лицата со посебни потреби**. Оваа акција треба да биде прифатена од сите структури во општината, во училиштата, од НВО и Здруженија за правата на лицата со попреченост и со посебни потреби. Акцијата би започнала со активности со локалното население (предавања, трибини, активности) за промоција на инклузијата, емисии за подигање на јавната свест на локалните радио станици и дневниот печат. Потоа со цел обезбедување што поголема информираност на населението ќе се изработат промотивни постери и флаери кои ќе бидат достапни на местата каде локалното население се движи и ги извршува дневните рутини (амбуланти, училишта, пензионерски здруженија, пазарче, продавници, верски објекти и слично).

Училиштата идентификуваат дека е потребно и **обезбедување на поголем број логопеди** на ниво на Општина Ѓорче Петров за индивидуален третман и помош на децата со потешкотии во говорот. Учениците во училиштата кај кои ќе се утврди потреба за индивидуална помош од логопед, чекаат по повеќе недели или месеци за термин. Со зголемување на бројот на логопеди ќе се подобри третманот на децата со потешкотии во говорот и ќе се постигнат подобри резултати во нивното лекување. Ова ќе создаде услови за децата со логопедски потешкотии за пократко време да имаат брз училишен напредок и социјализација со врсниците.

Според мапираната состојба и потребата од развој на социјални услуги, евидентна е потребата од ангажирање на лични асистенти. Во моментот само 1 лице со попреченост од Ѓорче Петров користи личен асистент од Црвен крст.

Исклучително е важно и да се работи на советување и стручна работа со семејствата, како услуга дополнително од онаа што ја дава ЦСР, ако има соодветен провајдер, или како алтернатива, финансирање на активности на здруженијата кои работат во оваа област (на пример на родители на деца со попреченост) специјално за активности за поддршка, советување или стручна работа.

Во однос на лицата со интелектуална попреченост, **ПОРАКА НЕГОТИНО е лиценциран давател на услугата живеење со поддршка во заедницата**, за која има склучено управен договор со Министерство за труд и социјална политика.[2] Тие се здружение кое работи на две локации и тоа во Неготино и Скопје - Ѓорче Петров и работи на две програми - *Организирано живеење со поддршка* и *Дневни центри* за овие лица. Во програмата *Организирано живеење со поддршка* – 87 корисници се сместени во вкупно 18 станбени заедници од кои 9 во Неготино и 9 во Скопје. Менаџирањето на станбените заедници во Скопје започнува во 2012 година и истиот период е отворен и дневниот центар во Волково. Покрај услугата *живеење со*

[2] Во 2007 година, како израз на политичката посветеност за спроведување на процесот на деинституционализација, беше подготвена првата Национална стратегија за деинституционализација на системот за социјална заштита на Р Македонија. Една од приоритетните цели е деинституционализацијата на Специјалниот Завод Демир Капија преку упатување на штитениците на Заводот во Организирано живеење со поддршка во заедницата. Проектот претставува операционализација на Договорот за соработка помеѓу Владата на Р Македонија и Иницијативата за ментално здравје-Будимпешта, потпишан на 18.09.2008 година. Имплементација на Организирано живеење со поддршка во заедницата во Република Македонија на 17.05.2010 се официјализира со потпишување на Договорот за соработка помеѓу Министерство за труд и социјална политика и Здружението на граѓани Центар за помош на лица со ментален хендикеп ПОРАКА НЕГОТИНО - НЕГОТИНО.

*поддршка во заедницата,* Дневниот Центар услуга даваше и на лица од семејства од територијата на Волково и Ѓорче Петров (вкупно 3 од Волково со лесна и умерена интелектуална попреченост и едно лице од Хром со лесна интелектуална попреченост).

Моменталната состојба е вкупно 44 корисници кои се сместени во 9 станбени заедници или 40 корисници во Волково со 8 станбени заедници е една станбена заедница во Хром со 4 корисници. Категоризацијата на корисниците е со лесна, умерена и тешка интелектуална попреченост над 18 години. Од 2020 година активностите во Дневните центри во Волково се финансиски поддржани од Град Скопје во рамките на проектот *Зајакнување на капацитети на Дневните центри во Волково.*

## РИЗИК ОД СТАРОСТ

Во Општина Ѓорче Петров во Здружението на пензионери *Ѓорче Петров* се евидентирани вкупно 8.156 лица од кои 3930 мажи и 4226 жени кои што се корисници на некаков вид на пензија. Од нив во пензионерскиот дом живеат 5 мажи и 25 жени, вкупно 30.

Црвениот Крст евидентира 54 побарувања за негувател на стари лица во домашни услови, во периодот од 2020 до 2022, за територија на Општина Ѓорче Петров. Од нив се опслужени 12 лица, останатите или немале можност да платат или немало слободен негувател во моментот. Ова укажува на потребата за воспоставување на услугата помош и нега во домот, со лиценциран провајдер, финансиски поддржана според Законот за социјална заштита и Општина Ѓорче Петров планира истата да ја развие во соработка со Црвен крст на Град Скопје.

Црвен крст на Град Скопје започна со нудење на **посебен транспорт за стари лица и лица со попречености** со посебно опремени наменски возила. Наменските возила можат да се користат за превоз на корисници, кои не се во можност, самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална, или друга административна услуга, заради:

- старост;
- болест;
- неможност или потешкотии, при самостојно движење;

- имаат потреба од придружник (негувател/личен асистент), врз основа на наод на стручно лице за потребата од користење на услуги во домот, поради здравствената состојба во која се наоѓаат, а се работи за неживотно загрозувачки ситуации.

Во изминатите 3 месеци вкупно 22 лица од Ѓорче Петров ја користеле услугата посебен транспорт до здравствена установа што укажува на потребата оваа услуга да се воспостави како редовна и да продолжи во иднина.

ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина *13 Ноември* се наоѓа во Скопје, ул.Борис Сарафов бр.129 во Општина Ѓорче Петров. Болницата е специјализирана установа, која ја спроведува здравствената заштита од областа на Геријатриска и Палијативна медицина и е единствена од ваков карактер во Република Македонија. Ја следи состојбата, проучува, евалуира, известува и планира проекцијата на идните здравствени потреби и функционалните онеспособености на старите лица во институција и надвор од институцијата. **Стационарната здравствена заштита** се остварува преку одделението Геријатрија (интензивна нега и акутно болни и оддел за хронично болни), а палијативната грижа се врши во двата центри (Скопје и Битола). Согласно тоа што ова е единствена установа за згрижување на корисници од овој вид на територија на цела држава неопходно е проширување на сместувачкиот капацитет (во моментов е пополнети целосниот капацитет од 192 кревети, 50 мажи и 142 жени)

За потребите на Советот за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров, направена е мала статистичка обработка на сместувачкиот капацитет и бројот на сместени корисници од Општина Ѓорче Петров, и утврдено е дека оддел *Геријатрија* има вкупно 25 корисници кои се со живеалиште на територијата на Општина Ѓорче Петров, а во оддел *Сју Рајдер* – Скопје има сместено вкупно 10 корисници кои се со живеалиште на територија на Општина Ѓорче Петров.

Од вкупниот број на сместените корисници на Оддел *Геријатрија* возрасната и полова структура е следна:

| | мажи | жени | вкупно |
|---|---|---|---|
| до 65 години | 15 | 7 | 22 |
| од 66 – 75 години | 14 | 23 | 37 |
| од 76 – 85 години | 16 | 74 | 90 |
| од 86 – 95 години | 4 | 36 | 40 |
| над 95 години | 1 | 2 | 3 |

Во одделот *Сју Рајдер* Скопје вкупен капацитет е 75 болнички кревети, а моментално се пополнети 71, 32 мажи и 39 жени.

Согласно возраста и полот добиени се следните податоци за оддел *Сју Рајдер* – Скопје:

| | мажи | жени | вкупно |
|---|---|---|---|
| до 65 години | 10 | 4 | 14 |
| од 66 – 75 години | 8 | 9 | 17 |
| од 76 – 85 години | 8 | 14 | 22 |
| од 86 – 95 години | 6 | 11 | 17 |
| над 95 години | / | 1 | 1 |

Во установата се згрижуваат лица по пат на приватен договор и лица сместени преку Центрите за социјална работа на ниво на цела држава. Секој корисник има право да оствари дел од правата од областа на социјалната заштита, како право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, право на мобилност, слепост или еднократна парична помош било да е од страна на ЦСР или од страна на општините.

Во оваа насока се мапира потребата за доделување на еднократна парична помош за лица кои се згрижени во институцијата од страна на Општина Ѓорче Петров.

## РИЗИК ОД НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Според податоци од ПСОН[3] Ѓорче Петров во текот на 2021 година регистрирани се вкупно 37 прекршоци по чл.7 од Закон за прекршоци против јавниот ред и мир, каде сторители на прекршокот се 42 лице, вкупен број на жртви 37 (од кои 28 жртви се од женски пол, а 9 од машки). Во текот на 2021 година во ПС има пријавено 92 поплаки во врска со семејно насилство.

Во моментов со поддршка на социјалното менторство кое се организира од страна на *Паблик* се подржани 15 жени жртви на семејно насилство, од кои две се од Општина Ѓорче Петров. Низ проектот кој го работат крајните кориснички во него се зајакнати кон економска реинтеграција. Очекувањата се однесуваат, не само на активности во однос на пазарот на труд, туку и на унапредување на нивото на социјална исклученост која ја имале некои жени, како и на резулати во однос на унапредување на квалитетот на живот, зголемени социјални и основни вештини.

Извештајот на ПСОН Ѓорче Петров за 2020 год евидентира и значителен број на деца во судир со законот, кои не нужно сите се поврзани со насилство, но веројатно голем дел од нив се.

Во текот на 2020 година регистрирани се вкупно **20 кривични дела** во врска со семејно насилство, вкупен број на **жртви 20,** од кои во 16 случаи жртви на семејно насилство биле од женски пол, а во 4 случаи жртви биле од машки пол.

Во текот на 2020 година регистрирани се вкупно **24 прекршоци по чл.7 од Закон за прекршоци против јавниот ред и мир,** каде сторители на прекршокот се 31 лице, вкупен број на **жртви 24** од кои 14 жртви се од женски пол а 10 од машки пол.

Во текот на 2020 година во ПС има пријавено **102 поплаки** во врска со семејно насилство

[3] Полициска станица од општа надлежност

ПРАВДА НА ДЕЦА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Индикатор 1:** | **Деца во ризик** | | |
| Број на деца за кои е доставено писмено известување до ЦСР. (чл.19 ст.2 од ЗПД) | | Машки пол | Женски пол |
| | | 37 | 5 |
| | Вкупно: | 42 | |
| **Индикатор 2:** | **Деца во судир со законот** | | |
| Вкупен број на деца кои биле повикани во ПС заради собирање на информации од МВР. (чл. 19 ст.5 и 6 од ЗПД). | | | |
| | Број на повикани деца по основ на : | Машки пол | Женски пол |
| | Сведок | 43 | / |
| | Оштетен | 6 | 5 |
| | Пријавен | 35 | 3 |
| | Вкупно: | 92 | |
| **Индикатор 3:** | **Остварено право на детето на бранител за време на водење на разговор во ПС** | | |
| Вкупен број на деца кои оствариле право на бранител во ПС. (чл.116 ст. 10 од ЗПД) | | Машки пол | Женски пол |
| | | 43 | 3 |
| | Вкупно: | 46 | |
| **Индикатор 4:** | **Задржани деца во ПС** | | |
| Вкупен број на деца кои се задржани во пол.станица. (чл. 116 ст. 6 и 7 од ЗПД) | | Машки пол | Женски пол |
| | | 3 | / |
| | Вкупно: | 3 | |
| **Индикатор 5:** | **Деца жртви на кривични дела** | | |
| Вкупен број на деца жртви на КД идентификувани од МВР. (чл.19 ст.7 од ЗПД) | | Машки пол | Женски пол |
| | | 6 | 5 |
| | Вкупно: | 11 | |
| **Индикатор 6:** | **Посебни простории за водење на разговор со дете** | | |

| Вкупен број на деца со кои е воден разговор во посебни простории. (чл.116 став 5 од ЗПД) | Машки пол | Женски пол |
|---|---|---|
| Број на деца во судир со законот (чл. 19 ст.5 и 6 од ЗПД). | 35 | 3 |
| Број на деца жртви (чл.19 ст.7 од ЗПД) | 6 | 5 |
| Вкупно: | 41 | 8 |
| **Индикатор 7:** | **Деца за кои е доставено барање за поведување на прекршочна постапка** | |
| Број на деца за кои се доставени барања за поведување на прекр.постапка | Машки пол | Женски пол |
| Број на деца до 16 год. за кои е спроведена успешна постапка на посредување | / | / |
| Број на деца до 16 год. за кои е доставено барање за поведување на прекр.постапка | 6 | 3 |
| Број на деца од 16 -18 год. за кои е спроведена успешна постапка на посредување | / | / |
| Број на деца од 16-18 год. за кои е доставено барање за поведување на прекр.постапка | 6 | / |
| Вкупно: | 12 | 3 |
| **Вкупно** | **15** | |

Потребно е да се направи подетална анализа за причините кои водат до оваа бројка, но она од каде може да се започне е координирана активност меѓу полициски службеници и здруженија на граѓани со учениците од основните училишта во општината.

Во текот на 2021 година регистрирани се вкупно 37 **кривични дела** во врска со семејно насилство, вкупен број на **жртви 37** од кои во 28 случаи жртви на семејно насилство биле од женски пол, а во 9 случаи жртви биле од машки пол.

Во текот на 2021 година регистрирани се вкупно **37 прекршоци по чл.7 од Закон за прекршоци против јавниот ред и мир,** каде сторители на прекршокот се 42 лице, вкупен број на **жртви 37** од кои 28 жртви се од женски пол а 9 од машки пол.

Во текот на 2021 година во ПС има пријавено **92 поплаки** во врска со семејно насилство

## ПРАВДА НА ДЕЦА

| **Индикатор** | **Деца во ризик** | |
|---|---|---|
| Број на деца за кои е доставено писмено известување до ЦСР. (чл.19 ст.2 од ЗПД) | Машки пол | Женски пол |
| | 42 | 25 |
| Вкупно: | 67 | |
| **Индикатор 2:** | **Деца во судир со законот** | |
| Вкупен број на деца кои биле повикани во ПС заради собирање на информации од МВР. (чл. 19 ст.5 и 6 од ЗПД). | | |
| Број на повикани деца по основ на : | Машки пол | Женски пол |
| Сведок | 17 | 3 |
| Оштетен | 7 | 3 |
| Пријавен | 65 | 3 |
| Вкупно: | 98 | |
| **Индикатор 3:** | **Остварено право на детето на бранител за време на водење на разговор во ПС** | |
| Вкупен број на деца кои оствариле право на бранител во ПС. (чл.116 ст. 10 од ЗПД) | Машки пол | Женски пол |
| | 71 | 8 |
| Вкупно: | 79 | |
| **Индикатор 4:** | **Задржани деца во ПС** | |
| Вкупен број на деца кои се задржани во пол.станица. (чл. 116 ст. 6 и 7 од ЗПД) | Машки пол | Женски пол |
| | 3 | / |
| Вкупно: | 3 | |
| **Индикатор 5:** | **Деца жртви на кривични дела** | |
| Вкупен број на деца жртви на КД идентификувани од МВР. (чл.19 ст.7 од ЗПД) | Машки пол | Женски пол |
| | 2 | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно: | 8 | |
| **Индикатор 6:** | **Посебни простории за водење на разговор со дете** | |
| Вкупен број на деца со кои е воден разговор во посебни простории. (чл.116 став 5 од ЗПД) | Машки пол | Женски пол |
| Број на деца во судир со законот (чл. 19 ст.5 и 6 од ЗПД). | 65 | 3 |
| Број на деца жртви (чл.19 ст.7 од ЗПД) | 2 | 6 |
| Вкупно: | 67 | 9 |
| **Индикатор 7:** | **Деца за кои е доставено барање за поведување на прекршочна постапка** | |
| Број на деца за кои се доставени барања за поведување на прекр.постапка | Маши пол | Женски пол |
| Број на деца до 16 год. за кои е спроведена успешна постапка на посредување | / | / |
| Број на деца до 16 год. за кои е доставено барање за поведување на прекр.постапка | 8 | 1 |
| Број на деца од 16 -18 год. за кои е спроведена успешна постапка на посредување | / | / |
| Број на деца од 16-18 год. за кои е доставено барање за поведување на прекр.постапка | 10 | / |
| Вкупно: | 18 | 1 |
| **Вкупно** | 19 | |

## РИЗИК ОД ДРОГА И АЛКОХОЛ

Во текот на 2020 година во полициската станица Ѓорче Петров во врска со сомение за чл.215 од Кривичен законик на РСМ (Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори) лишени се вкупно 51 лице (од кои 50 машки и едно женско), а деца нема лишено од слобода.

Во текот на 2021 година во ПС во врска со сомнение за чл.215 од Кривичен законик на РСМ (Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори) лишени се вкупно 38 лица (сите машки), а деца нема лишено од слобода.

Бројките укажуваат на потребата да се зголеми едукацијата за превенција од дрога и алкохол и општината планира да се работи на тоа поле во соработка со надлежните органи и здруженија на граѓани од областа. Оваа категорија треба да се додаде на листата на патролната социјална служба, за да може да се направи нивно идентификување и да се отвори пристап за помош.

## РИЗИК ОД САМОХРАНОСТ

Ризикот од самохраност е евидентиран како важен за општината. Во таа насока спроведен е проект со здружението на граѓани „Една може“ преку институционална поддршка од *Цивика Мобилитас*, а со цел мапирање на самохрани родители и еднородителски семејства преку онлајн анкетен прашалник. Електонската идентификација на самохраните родители со нивни податоци се спроведува преку линк кој е достапен на општината и секојдневно преку него се регистрираат самохраните родители. Проектот е во тек и до сега има евидентирано 50 лица. Од собраните податоци се формира дата база која во иднина ќе се искористи за подобро планирање на активности или развој на социјални услуги соодветни за оваа целна група.

## ЛОКАЛНИ АКТИВНОСТИ ВО ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Годишните програми за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров дефинираат повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните.

За потребите на овој план ја издвојуваме работата на локалната **патролна социјална служба**. По дефиниција патролна социјална работа претставува социјална дисциплина, која означува идентификување, детектирање, информирање и помагање на лица и семејства кои се наоѓаат во социјален ризик. Во конкретниов случај станува збор за тим од 3 волонтери кои на територијата на општината идентификува семејства или поединци во социјален ризик, преку теренска работа и директна комуникација со нив, најмногу во периодот 2018-2019 година, но се планира и во иднина. Вкупниот број на население со кое се работело се 119 семејства, односно 450 лица, а според евиденцијата на службата, низ нивната работа во 2018 и 2019 година биле идентификувани и било комуницирано со вкупно 288 лица, категоризирани како:

-Самохрани родители - 42

-Бездомници - 14

-Невработени лица - 78

-Стари лица - 30

-Жртви на семејно насилство - 15

-Деца со ментална и физичка попреченост - 48

-Лица без лични документи - фантоми - 14

-Деца без родители и родителска грижа - 36

-Деца кои повремено посетуваат училишна настава - 10

Потенцијалните семејства и лица кои се посетени од патролната социјална служба се предложени од страна на локалните институции и организации меѓу кои наставниот кадар и стручните служби на основните училишта на територијата на општината, месните и урбани заедници, Поликлиниката *Ѓорче Петров*, Полициската станица, Геријатрија, итн, но и оние кои директно побарале помош од општината (на пример еднократна парична помош, или храна и облека). Комуникацијата при посетите е структурирана за што е изготвен анкетен прашалник за собирање основни податоци (категорија на социјално загрозени лица, пол возраст, образование, дали се корисници на права од социјална заштита, место на живеење итн.) кои потоа се пренесуваат во единствена дата база на општината и во рамки на можностите подоцна им се пружа помош и поддршка (имаме пример каде е помогнато со доделување на помош во храна и хигиенски

сретства, на некои им е дониран мебел, облека, итн). Идентификацијата е во континуитет и заложба на општината е секој од нив да добие барем социјален пакет, периодично.

Стандардна буџетска ставка за која Општина Ѓорче Петров издвојува финансиски средства секоја година е еднократната парична помош. Иако барања за неа поднесуваат граѓани со различни проблеми, акцент при распределбата е ставен на тешко болни лица. Според евиденцијата,

| Година | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| 2021 | 173 | 51 | 122 |
| 2020 | 163 | 105 | 58 |

општината врши и исплата на парични сретства од сопствен буџет и на име еднократна парична помош на семејствата за новороденче на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

| Година | Вкупно | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 2022 | 221 | 108 | 113 |
| 2021 | 243 | 162 | 81 |

## 3. Социјални услуги

Согласно Законот за социјална заштита, општините можат на својата територија да развиваат социјални услуги и тоа услуги кои веќе се пропишани во законот, но и нови иновативни услуги согласно потребите на граѓаните. Социјалните услуги ги обезбедуваат овластени даватели на социјални услуги, а финансиски покриени од страна на Министерството на труд и социјална политика.

Социјалните услуги можат да се обезбедуваат во домот на корисниците, во заедницата преку отварање на центри за дневен или привремен престој, услуги на вон-семејна заштита преку сместување во установи или згрижувачки семејства како и услуги на советување, упатување, информирање и слично.

Овие социјални услуги се развиваат со цел помош на граѓаните кои се наоѓаат во положба на социјален ризик, состојби кои го загрозуваат нивното секојдневно нормално функционирање, а заради спречување или надминување на состојбата во која се нашле, превенција за нејзино повторно појавување како и унапредување на нивното здравје и благосостојба. Исто така, социјалните услуги се обезбедуваат и заради спречување на социјалната исклученост на поединецот, нивно активно вклучување во општествениот живот како рамноправни чинители како и заради остварување на нивните законски загарантирани права.

## <u>3.1 Постоечки социјални услуги</u>

3.1.1. *Услуги на информирање и упатување*

Оваа услуга согласно Законот за социјална заштита ја обезбедува ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Скопје

3.1.2. *Услуги на стручна помош и поддршка*

Оваа услуга согласно Законот за социјална заштита ја обезбедува ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа -Скопје

3.1.3. *Услуги на советување*

Оваа услуга согласно Законот за социјална заштита ја обезбедува ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа- Скопје.

<u>3.1.4. Услуги во домот</u>

3.1.4.1 *Лична асистенција*

*Услугата лична асистенција* се обезбедува преку :

Општина Ѓорче Петров преку програмата ОКР обезбедени 15 асистенти, од кои 12 образовни и 3 лични асистенти за 15 ученици со попреченост.

Црвен крст на Град Скопје *услугата лична асистенција* на територија на Општина Ѓорче Петров опслужува само 1 лице со попреченост.

Дополнително, Општина Ѓорче Петров има историја на посветеност кон инклузивниот процес за ученици со попреченост. Ние сме прва општина на ниво на Град Скопје која во 2009 година вработи специјален едукатор и рехабилитатор во основните училишта за потребите на учениците со попречености. Во период од 2015 год. до 2018 год. вработени се уште четири специјални едукатори и рехабилитатори во редовните основни училишта во општината.

3.1.4.2 *Помош и нега во домот*

Во општина Ѓорче Петров услугата за помош и нега на стари лица во домашни услови се спроведува од страна на ЦК на Град Скопје. Оваа услуга се испорачува до 12 корисници и истата се плаќа преку приватни договори помеѓу корисниците и лиценцираниот давател на социјалната услуга ЦК на Гард Скопје.

3.1.5. Услуги во заедницата

*Услуги за дневен престој*

Центарот за дневен престој за лица со интелектуална попреченост над 18 години е раководен од страна на здружението *Порака -Неготино.* Дневните услуги се однесуваат на корисници од територијата на Ѓорче Петров. Услугата се испорачува на вкупно 3 лица од Волково со лесна и умерена интелектуална попреченост и едно лице од Хром со лесна интелектуална попреченост.

3.1.6. Услуги за вон-семејна заштита

*Сместување во установа*

ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина *13 Ноември* е специјализирана установа, која ја спроведува здравствената заштита од обласна на геријатриска и палијативна медицина и е единствена од ваков карактер во државата. Ја следи состојбата, проучува, евалуира, известува и ја планира проекцијата на идните здравствени потреби и функционалните онеспособености на старите лица во институција и надвор од институцијата. Стационарната здравствена заштита се остварува преку

одделението *Геријатрија* (интензивна нега и акутно болни и оддел за хронично болни), а палијативната грижа се врши во двата центри (Скопје и Битола). Согласно тоа што ова е единствена установа за згрижување на корисници од овој вид на територија на цела држава неопходно е проширување на сместувачкиот капацитет (во моментов е пополнети целосниот капацитет од 192 кревети, 50 мажи и 142 жени)

За потребите на Советот за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров, направена е мала статистичка обработка на сместувачкиот капацитет и бројот на сместени корисници од Општина Ѓорче Петров, и утврдено е дека оддел *Геријатрија* има вкупно 25 корисници кои се со живеалиште на територијата на Општина Ѓорче Петров, а во оддел *Сју Рајдер* – Скопје има сместено вкупно 10 корисници кои се со живеалиште на територија на Општина Ѓорче Петров.

*Услуга живеење со поддршка*

Во однос на лицата со интелектуална попреченост, *ПОРАКА НЕГОТИНО* е лиценциран давател на услугата живеење со поддршка во заедницата, за која има склучено управен договор со Министерство за труд и социјална политика. Тие се здружение кое работи на две локации и тоа во Неготино и Скопје - Ѓорче Петров. Со услугата живеење со поддршка 9 станбени единици се во Скопје. Менаџирањето на станбените заедници во Скопје започнува во 2012 година.

Моменталната состојба е вкупно 44 корисници кои се сместени во 9 станбени заедници или 40 корисници во Волково со 8 станбени заедници е една станбена заедница во Хром со 4 корисници. Категоризацијата на корисниците е со лесна, умерена и тешка интелектуална попреченост над 18 години.

## 3.2 Нови социјални услуги

Врз основа на сите досегашни истражувања и детално спроведен процес на мапирање со цел што поголема транспарентност во донесување на одлуки од јавен интерес а водејќи се согласно законските прописи, општината има потреба од воведување и развој на социјални услуги.

*3.2.1 Услуги на советување*

Оваа услуга покрај тоа што се дава од страна на ЈУ ЦСР Скопје, според податоците од мапирањето неопходно е дополнително да се потикне лиценцирање на провајдер за испорака на оваа услуга кон помош на жртви на семејно насилство , советување на социјално загрозени лица, млади и други лица во социјален ризик.

*3.2.2. Услуги во домот*

<u>Услуга - Помош и нега во домот</u>

Услугата за помош и нега во домот, општината во иднина ќе ја развива за категоријата стари лица над 65 години на коишто ќе им овозможи помош и поддршка во извршување на основните и инструменталните активности. Врз основа на мапирањето, оваа услуга ќе биде испорачувана на миксимум 80 стари лица.

<u>Услуга- лична асистенција</u>

Услугата лична асистенција во иднина општината ќе ја воспостави и испорачува до 20 корисници преку лиценциран провајдер.

*3.2.3. Услуги во заедницата*

<u>Услуги на дневен престој</u>

<u>Центар за дневен престој на лица со попреченост</u>

Постоечкиот дневен центар за лица со интелектуална попреченост не ги исполнува постоечките капацитети, односно услугата не е доволно искористена, па за таа цел општината ќе поттикне лицата со попреченост да ја користат оваа услуга. Услугата ќе се испорачува на 24 корисници, во две различни групи и истата ќе биде раководена од *Порака- Неготино.*

Центар за дневен престој за стари лица

Со развој на оваа услуга ќе се овозможи дневно згрижување, индивидуални ,социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка и други сродни активности. Оваа услуга ќе се испорачува до 24 корисници согласно пропишаните нормативи и стандарди. Услугата ќе биде раководена од постоечки или нов лиценциран давател за оваа услуга.

Услуга за ресоцијализација

Согласно со податоците од мапирањето исто така е неопходно развој на оваа услуга со органзиацијата Паблик и истата обезбедува советодавна работа, индивидуална, семејна и групна терапија, образовна поддршка, придружба, едукации за развој на вештини, спорт, рекреација, творештво, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување (работна интеграција) и други услуги на ресоцијализација, во зависност од потребите на корисниците.

## 3.3 Социјални ризици

Согласно податоците од мапирањето за овој социјален план, во Општина Ѓорче Петров се детектирани следните социјални ризици:

- Старост
- Попреченост
- Сиромаштија
- Насилство

### 3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Старост** | 1.1.Стари лица над 65 години;<br>1.2.Стари лица со хронични болести;<br>1.3.Стари лица со хендикеп;<br>1.4.Стари и изнемоштени лица над 80 години без семејна грижа; | - **услуги во домот**<br>Помош и нега во домот<br>Услуга за вон-семејна заштита | - Лиценциран давател на социјалната услуга;<br>- Координатор на услугата;<br>- Сертифицирани негуватели/ки;<br>- Стручен кадар во ЈУГЦ 13 Ноември | -**Услуги во домот**<br>Помош и нега во домот<br>-**Услуги во заедницата**<br>Услуги за дневен престој | -Социјален работник<br>-Координатор на услугата<br>-Физиотерапевт<br>- Психолог<br>- Негуватели/ки<br>-Окупациони терапевти |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2. Лица со попреченост** | 2.1.Лица со интелектуална попреченост;<br><br>2.2.Лица со физичка попреченост;<br><br>2.3.Лица со ретки болести;<br><br>2.4.Лица со аутизам, Даунов синдром и други | - **Услуги во заедницата**<br><br>Услуги за дневен престој<br><br>- **Услуги за вон-семејна заштита**<br><br>живеење со поддршка<br><br>деца со попреченост<br><br>-Услуги кои што се обезбедуваат преку програмата ОКР од УНДП | -логопед<br><br>-психолог<br><br>-негувател/ка<br><br>-лиценцирани лични асистенти | -**Услуги во домот**<br><br>лична асистенција<br><br>-**Услуги во заедницата**<br><br>-Услуги за дневен престој | - Лиценциран давател на социјалната услуга лична асистенција<br><br>-Координатор на услугата лична асистенција<br><br>-**сертифицирани** лични асистенти<br><br>-Координатро на дневната услуга<br><br>- Негуватели/асистенти<br><br>- Специјални едукатори |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. **Сиромаштија** | 3.1.Невработени лица<br>3.2.Лица кои немаат основно образование<br>3.3.Самохрани родители<br>3.4.Лица во социјален ризик<br>3.5 Млади лица во ризик | -Програма ОКР -УНДП<br>- Услуги од системот на социјална заштита<br>- Услуги од НВО<br>- Услуги од ЈУСЦР Скопје | Услуги од ЦСР Скопје<br>Услуги од НВО | -Услуги за советување<br>- Услуги во заедницата<br>Ресоцијализација | - Специјалени едукатор и рехабилитатори<br>- Правници<br>- Провајдери за образование на возрасни<br>- Социјални ментори |
| **4. Насилство** | 4.1.Жени жртви на семејно насилство<br>4.2.Лица со нарушени семејни односи<br>4.3 Жртви на родово базирано | **-Услуга за привремен престој**<br>Привремен престој за жени жртви на семејно насилство на територија на | - Вработени стручни лица во ЦСР Скопје<br>-Стручни лица од услугата привремен престој на жртви на семејно насилство | - услуги на советување | - Социјален работник<br>- Психолог<br>- Правник<br>-Педагог |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | насилство | Град Скопје;<br>-Услуги на информирање и упатување;<br>-Услуги на советување | | | |

4.Потребни капацитети и финансиска подршка

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, ) и опрема | Капацитет/ опфат (број на корисници, површина, територија, итн?) | Потребни финансиски средства | Извори на финансирање или начин на прибирање на потребните финансиски средства | Планирана соработка со: | Време/период на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги на советување** | Советувалиште за помош и поддршка на жртви на | Простор според нормативите и стандардите | Во зависност од упатени случаеви од ЦСР Скопје | 265 денари дневно по корисник за индивидуално советување | МТСП Општински буџет | НВО, МТСП, ЦСР Скопје | 36 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | семејно и родово базирано насилство Лица во социјален ризик | за услугата | | 169 денари по корисник за групно советување | | | |
| Услуги во домот | Услуга за помош и нега во домот | Простор и опрема на лиценциран давател на услугата | 80 корисници на територија на Општина Ѓорче Петров | 22.195.200,00 ден за 12 месеци 66.586.600,00 за 36 месеци | МТСП, Општински буџет донатори, грантови приватни договори | НВО, МТСП, ЦСР Скопје Црвен крст | 36 месеци |
| Услуги во домот | Лична асистенција | Простор и опрема на лиценциран давател на услугата | 20 корисници на територија на Општина Ѓорче Петров | 5.164.800,00ден. за 12 месеци 15.494.400,00 ден. За 36 месеци | МТСП, Општински буџет други донатори, грантови | НВО, МТСП, ЦСР Скопје Лиценциран и даватели на услугата | 36 месеци |
| Услуги во заедницата | Центар за дневен престој за лица со попреченост | Постоечки капацитети на Порака Неготино | 24 корисници на територија на Ѓорче Петров | 6.674..400,00 ден. За 12 месеци 20.023.200,00 ден. За 36 месеци | МТСП Општински буџет други донатори | НВО, МТСП, ЦСР Скопје Порака Неготино | 36 месеци |
| Услуги во | Центар за | Адаптација и | 24 корисници | 3.230.496,00д | МТСП, | НВО, | 36 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| заедницата | дневен престој на стари лица | реконструкција на објект - 1.845.000 ден за адаптација | на територија на Ѓорче Петров | ен за 12 месеци 9.691.488,00 за 36 месеци | Општински буџет други донатори | МТСП, ЦСР Скопје Лиценциран давател на услугата | |
| Услуга во заедницата | Услуга за ресоцијализација | Простор и опрема на лиценциран давател на услугата | Зависно од упатени случаеви од ЦСР Скопје и оптината | Цена одредена согласно методологијата за цена на чинење на општината | МТСП, Општински буџет други донатори | МТСП, ЦСР Скопје Општина Ѓорче Петров *Паблик* Лиценциран и провајдери за образование на возрасните | 36 месеци |

## 5. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка

Општина Ѓорче Петров во континуитет ќе соработува со веќе лиценцирани провајдери или нови лиценцирани провајдери и воедно ќе ги поттикнува здруженија кои функционираат на територија на општината доколку е потребно за воспоставување на новите социјални услуги да се лиценцираат согласно Законските и подзаконските акти.